UNODC

United Nations Office on Drugs and Crime



# КОРУПЦИЈАТА ВО ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

## ПОДМИТУВАЊЕТО ИСКУСЕНО ОД НАСЕЛЕНИЕТО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Co-financed by the European Commission

**КАНЦЕЛАРИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ДРОГА И КРИМИНАЛ**
**Виена**

# КОРУПЦИЈАТА ВО ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

## ПОДМИТУВАЊЕТО ИСКУСЕНО ОД НАСЕЛЕНИЕТО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

Copyright © 2011, Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал

## Благодарност

Овој извештај е подготвен од страна на UNODC оддел статистика и истражувања (SASS) и Државниот завод за статистика на Поранешна Југословенска Република Македонија (ДЗС):
**Истражување на терен и анализа на податоци:**
Благица Новковска (ДЗС)
Хелена Папазоска (ДЗС)
Кирил Трајаноски (ДЗС)
**Супервизија на истражувањето и изработка на извештајот:**
Енрико Бисоњо (SASS)
Феликс Реитерер (SASS)
Мајкл Јандл (SASS)
Серена Фаварин (SASS)
Филип Дејвис (SASS)
**Проект дизајн:**
Сузан Кунен (STAS)
**Изработка и уредување:**
Џонатан Гибонс
**Супервизија:**
Сандип Чавла (директор, Одделение за анализа на политиките и односи со јавност)
Ангела Ме (раководител, SASS)
Посебна благодарност за придонесот на Милва Економи за развој на методологијата за истражувањето.
Ова истражување беше спроведено и овој извештај е подготвен со финансиска поддршка од Европската комисија и Владата на Норвешка. Искрена благодарност се изразува до Роберта Кортесе (Европската комисија) за нејзината континуирана поддршка.

**Услови на употреба**
Овој извештај не е формално изменет. Содржината на оваа публикација не ги одразува ставовите или политиката на UNODC или партнерските организации и не имплицира никакви препораки.
Употребените ознаки и презентацијата на материјалот во оваа публикација не имплицираат изразување на какво било мислење од страна на UNODC во однос на правниот статус на било која земја, територија или град или нејзините органи, или во врска со утврдувањето на нејзините граници.
Фото: Фотографиите се користат само за илустрација и не се земени во контекст на корупцијата. © ОБСЕ



# СОДРЖИНА


**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ..... 3**

**Клучни наоди ..... 7**

**Вовед ..... 9**

Меѓународни правни инструменти и нацонални политики ..... 9

Комплексноста на корупцијата ..... 10

Важноста од проучување на директно искуство ..... 10

Претходни истражувања спроведени во Република ..... 11

Опфатот и методологијата на истражувањето ..... 11

**1. Распространетост на подмитувањето ..... 13**

**2. природата на поткупот ..... 17**

Форми на поткуп ..... 17

Модели и тајминг на побарување на мито ..... 18

Целта на подмитувањето ..... 20

**3. Јавните службеници и поткупот ..... 23**

**4. пријавување на мито ..... 27**

**5. Други облици на корупција ..... 29**

Вработување во јавниот сектор ..... 29

Купување гласови на избори ..... 30

**6. Подложност на подмитување ..... 33**

**7. перцепции и ставови за корупцијата ..... 35**

**8. РАСПРОСТРАНЕТОСТ И ОБРАСЦИ ВО ДРУГИ ФОРМИ НА КРИМИНАЛ ..... 41**

Пријавување на криминал ........ 45

Перцепција на безбедноста од криминал ........ 46

**9. Завршни забелешки ........ 49**

**10. Методолошки анекс ........ 51**

**11. СТАТИСТИЧКИ АНЕКС ........ 53**



## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Корупцијата е често претставена во меѓународната заедница како ранлива област во земјите од Западен Балкан и се чини дека граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија го споделуваат истото мислење во врска со оваа тема. Резултатите прикажани во овој Извештај покажуваат дека по невработеноста и сиромаштијата, граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија ја сметаат корупцијата за најзначаен проблем со кој се соочува нивната земја.
Корупцијата се појавува во различни облици и за разлика од другите истражувања во кои се прикажува перцепцијата на луѓето, ова истражување се фокусира на реални искуства со административната корупција и обезбедува информации за самата природа на подмитувањето и неговите процедури. Ова претставува еден вид на малку значајна корупција која, сепак, влијае на секојдневниот живот на луѓето во нивното справување со јавната администрација, давателот на услуги кој игра значајна улога во модерното општество со тоа што дури три четвртини од полнолетните граѓани на Поранешна Југословенска Република Македонија ги користат услугите барем еднаш годишно.

Користењето на вакви услуги може да претставува докторски преглед, вадење на нова патна исправа или возачка дозвола, и според резултатите од ова истражување значителен дел од услугите се сомнителни. Иако постојат значителни варијации помеѓу регионите во Поранешна Југословенска Република Македонија, во просек, 10.8% од граѓаните на возраст до 18 до 64 години биле изложени – директно или преку некој член од нивното домаќинство – со искуство на подмитување на јавен службеник во последните 12 месеци пред спроведувањето на Анкетата. Но, кога се фокусираме на директно искуство со подмитување, процентот изнесува 6.2% од оние граѓани кои имале контакт со јавната администрација за истиот временски период, а од оние кои барем еднаш платиле мито тоа го правеле на секои 2 месеци. Најголема распространетост на подмитување е забележана во Југоисточниот, Вардарскиот и Скопскот регион, додека во останатите региони таа е под просечното национално ниво.

Глобалната тенденција за корупција е урбан феномен. Сепак, во Поранешна Југословенска Република Македонија на распорстранетост од 6.4% во урбани и 5.8% во рурални средини, подмитувањето е речиси исто толку распространето во руралните колку и во урбаните средини. Очекувано е тоа што во Поранешна Југословенска Република Македонија повеќе мажи отколку жени плаќаат мито, но и покрај

воспоставените родовни улоги кои на жените им доделуваат повеќе домашни активности, разликата и не е толку забележителна (7% спрема 5% соодветно) .

На жените во Поранешна Југословенска Република Македонија очигледно корупицијата не им е непозната, но тие и приоѓаат на малку поинаков начин за разлика од нивните машки колеги. За нив поверојатно е дека би подмитиле во облик на храна и пијалаци, додека  мажите почесто корситат пари. Подмитувањето во облик на пари претставува скоро половина (45%) од сите облици на мито во Поранешна Југословенска Република Македонија и иако овој вид на корупција е малку значаен, сумите што се плаќаат се далеку од тривијални: просечното исплатено мито е 28,813, или приближно 470 евра[1].

Таквите готовински плаќања се значителни, имајќи го  предвид приходот по жител, но би било погрешно да се претпостави дека граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија се секогаш присилени да ги платат. Речиси една третина од митото исплатено (32%) е всушност понудено од самите граѓани, додека во речиси 50% од случаите тоа е исплатено како последица на директно или индиректно барање од страна на јавниот службеник. Ова го покажува недостатокот на доверба што некои од граѓаните го  имаат  за функционирање на јавната администрација без плаќање на некој вид мито за олеснување на бирократските процедури. Постоењето на недостатоците и потешкотиите во јавниот сектор се потврдува со фактот што 50% од граѓаните кои учествуваат во чинот на подмитување тоа го прават за да ја забрзаат процедурата, 12% за да ја финализираат процедурата и 11% за да добијат подобар третман, додека 12% плаќаат мито без некоја особена цел.

Потребата да се намали времето за чекање и да се добие подобар третман веројатно објаснува зошто јавните службеници кои примаат најмногу мито во Република Македоноја се доктори. Повеќе од половина (58%) мито плаќаат  на докторите, повеќе од една третина на полициските службеници (35%), додека 17% на катастарските службеници и исто толкав процент на професорите. Второто главно се плаќа за добивање на подобри оценки и испитни резултати.

Податоците, исто така, покажуваат дека постои некаков отпор кон подмитувањето и граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија не секогаш одобруваат подмитување со цел да се олесни или забрза одредена административна процедура: соодветно на секои двајца граѓани кои плаќаат мито има еден кој што одбива да го стори тоа по барањето на јавниот службеник. Од друга страна, само незначителен број на подмитувачи (помалку од 1%) го пријавуваат искуството на властите. Постојат бројни причини за ова: некои граѓани не го сметаат поткупот за вистински прекршок, делумно поради тоа што постои чувство дека поткупот едноставно е вообичаена пракика (13%) и исто така кога се изразува благодарност за извршените услуги, тоа го доживуваат всушност како позитивна пракса (13%). Граѓаните не го пријавуваат подмитувањето затоа што  може да биде од корист за двете инволвирани страни (17%), и затоа што тие веруваат дека пријавувањето да може претставува залуден обид со тоа што ништо нема да не се преземе од властите и на никому не му е грижа (38%).

Интересно е тоа што за речиси две третини од подмитувачите (63%) во оваа анкета за првпат признале дека извршиле поткуп, имајќи предвид дека претходно тоа искуство го немале споделено со никого дури ни со најблиските пријатели и роднини. Се чини дека

[1] Износите во македонски денари се претворени во евра со примена на годишниот просечен курс објавен од страна на Еуростат. За меѓународни споредби, износите во националната валута треба да се конвертирата со користење на паритет на куповна моќ (ПКМ): кога се користат конверзии во ПКМ, како што е објавено од страна на Еуростат, 28.813 денари се еднакви на околу 1212 евра-ПКМ.

кога се работи за подмитување во многу случаи се уште постои добро втемелена практика на премолчување.

Подмитувањето не влијае единствено на предвидената услуга од страна на јавните службеници. Јавната администрација е најголемиот работодавец во Поранешна Југословенска Република Македонија и таа се поврзува со сигурно работно место проследено со придобивки кои се многу популарни и посакувани. Околу 20% од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија или членови на нивните домаќинства аплицирале за работно место во јавниот сектор во последните 3 години пред спроведувањето на анкетата, но од тие кои што се вработиле, 6% признаваат деке платиле пари, дале подарок или услуга во замена за работното место. Меѓу оние кои не успеале, постои широка перцепција дека факторите како протекции, непотизам или поткуп одиграле одлучувачка улога при порцесот на вработување, додека само 7% веруваат дека изборот е направен врз основа на заслуги.

Одредени злоупотреби можеби одиграле некаква улога во изборите одржани во 2008 и 2009 година во Поранешна Југословенска Република Македонија. Податоците покажуваат дека во просек 5% од граѓаните на последните локални избори и 5% на последните парламентарни или претседателски избори им било посочено да гласаат за одреден кандидат или политичка партија во замена за конкретна понуда на пари, добра или корист.

Мажите во нивните триесетти години се оние кои се најмногу изложени на поткуп во Поранешна Југословенска Република Македонија, но карактеристиките како ниво на образование или економски статус не изгледа дека имаат директен ефект врз веројатноста за искусвото со корупција воопшто. Во врска со одредени носители на јавна функција, како полициски службеници и доктори, постојат значителни разлики при склоноста за поткуп меѓу мажи и жени, и меѓу групи со различни приходи.

Не постои социјална група која е имуна на поткуп, ниту, пак,  социјална група која е изземена од можноста да биде жртва на останатите пет видови на криминални видови истражени во оваа анкета, сепак распространетоста на лична кражба, навреда/закана, кражба, разбојништво и кражба на автомобил во Поранешна Југословенска Република Македонија е значително помала во споредба со поткупот (4.1%, 3.1%, 0.8%, и 1.4%, соодветно). Ова се доста скромни нивоа, слични на оние евидентирани во земјите на Европската Унија, со што најверователно се објаснува зошто граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија се чувствуваат безбедно. Осум од десет се чувствуваат безбедно кога се движат сами навечер, а дури уште поголем број на граѓани се чувствуваат безбедно во нивните домови и населби.

Меѓутоа, перцепциите за корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија не се толку позитивни. Една четвртина од населението смета дека корумпираните практики се честа или многу честа појава во голем број значајни јавни установи, вклучувајќи ги и централната и локалната власт, парламентот, болниците, судството и полицијата. Повеќе од една третина од граѓаните (36%) сметаат дека корупцијата во нивната земја е всушност во пораст, додека други 36% веруваат дека е стабилна, а останатите 29% сметаат дека е намалена. Перцепциите, треба да се нагласи дека не се ништо повеќе туку мислења и не треба да се мешаат со вистинските искуства, кои се  главен фокус на овој извештај. Сепак, таквата перцепција може да се протолкува како израз на свеста на граѓаните на една од главните предизвици со кои се соочува Поранешна Југословенска Република Македонија, и сега, и со годините што доаѓаат.



## КЛУЧНИ НАОДИ

- Граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија ја рангираат невработеноста како најважен проблем со кој се соочува нивната земја (42% од полнолетната популација), проследена со сиромаштија/низок животен стандард (24%) и корупција (13%).
- Три четвртини од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија (75%) имаат непосреден контакт со јавната администрација во одреден момент во текот на годината.
- Во последните 12 месеци пред ова истражување 10.8% од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија биле изложени на искуство со поткуп на јавен службеник - директно или преку член на домаќинството.
- Директното искуство со корпуција на граѓаните кои имале контакт со јавните службеници во последните 12 месеци пред спроведувањето на анкетата изнесува 6.2%.
- Не постојат значајни разлики меѓу распорстранетоста на поткупот меѓу урбаните и руралните средини во Поранешна Југословенска Република Македонија.
- Највисока распорстранетост на подмитување е забележана во Југоисточниот, Вардарскиот и Скопскиот регион, додека во Југозападниот, Полог, Пелагонија, Севернисточниот и Источниот регион таа е под просекот на националното ниво.
- Во Поранешна Југословенска Република Македонија распространетоста на поткупот изнесува 5.3% за жени споредбено со 7% за мажи.
- Секој кој ќе плати мито барем еднаш, во просек тоа го прави 6 пати годишно или на секои 2 месеци.
- Скоро половна (45%) од митото се плаќа во готовина, а една четвртина (25%) во вид на храна и пијалаци.
- Во просек исплатеното мито во Поранешна Југословенска Република Македонија изнесува 28,813 МКД, или приближно 470 евра.

- Околу една третина (32%) од случаите на подмитување, граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија го иницираат плаќањето, а додека тоа е експлицитно побарано од нив во еден од четири случаи (25%).
- Главните причини за плаќање поткуп во Поранешна Југословенска Република Македонија е да се забрза постапката (50%), финализирање на процедурата (12%) или да се добие подобар третман (11%). Меѓутоа, 12% плаќаат поткуп без некоја особена цел.
- Повеќе од половината од подмитувачите во Поранешна Југословенска Република Македонија даваат мито на доктори (58%), додека повеќе од третина на полициски службеници (35%).
- Од оние граѓани кои одбиваат да платат поткуп, речиси 30% тоа го прават на докторите, а додека еден од пет случаи (18%) на полициските службеници.
- Помалку од 1% од граѓаните кои платиле мито всушност тоа го пријавуваат. Граѓаните најчесто не го прават тоа затоа што имаат корист од тоа (17%), платиле поткуп доброволно како знак на благодарност (13%) или тоа го сметаат за добра пракса (13%).
- Загриженоста за корупцијата во јавниот сектор се потврдува и со искуството на оние кои во последните три години, пред ова истражување, се вработиле во јавната администрација: 6% од нив се вработиле со помош на мито.
- Нудењето на добра, услуги и пари со цел да се привлечат гласачи беше регистрирано за време на парламентарните и локалните избори во 2008 и 2009 година: на 5% од граѓаните на последните локални како и на 5% на последните парламентарни избори тоа им било понудено.
- Подмитувањето е поваќе распространето во споредба со останатите криминални прекршоци како кражба, навреда/закана и разбојништво. Тие се на особено ниско ниво во Поранешна Југословенска Република Македонија кадешто граѓаните се чувствуваат безбедно дома, откако ќе се стемни и не користат напредни безбедносни системи за заштита на своите домови.



# ВОВЕД

Корупцијата останува проблем за сите земји ширум светот. Социјално-еконмскиот развој, институционалниот и политичкиот амбиент, или преовладувањето на социјалните и културолошките норми се сите оние елементи кои може да се обликуваат во многу различни начини, но корупцијата се уште останува зло од кое ниту една земја вистински не може да биде изземена и често претставува ранлива област за земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Поранешна Југословенска Република Македонија. Всушност, граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија ја согледуваат корупцијата како основен проблем: резултатите презентирани во овој извештај покажуваат дека тие ја рангираат корупцијата како најважен проблем со кои се соочува нивната земја после невработеноста и сиромаштијата/нискиот животен стандард.

## Меѓународни правни инструменти и нацонални политики

Во последната деценија, свеста за корупција е зголемена во Поранешна Југословенска Република Македонија и таа стана важен приоритет во политичката агенда на земјата. Сукцесивните влади на Поранешна Југословенска Република Македонија се обврзаа да се борат против корупцијата и беа преземени клучни чекори за решавање на овој проблем, делумно поради обврските кои произлегуваат од пристапувањето кон Европската Унија за последователно да ја прилагодат националната легислатива во согласност со acquis communautaire.

Важни инструменти во надградбата на законската рамка за борба против корупцијата се претставени со ратификација на две конвенции на Советот на Европа - Кривичната конвенција за борба против корупцијата (1999) Конвенцијата на граѓанското право во борба против корупција (2002). Во 2007 година, Поранешна Југословенска Република Македонија, исто така, стана членка на Конвенцијата при Обединетите нации за борба против корупцијата (UNCAC), како последица на што е имплементацијата на Механизмот за ревизија, воспоставен во 2009 година кој им овозможува на сите страни да ја прегледаат својата имплементација на UNCAC одредбите преку процесот на партнерско отценување. Една од целите на овој механизам е да се охрабри учесничкиот и национално управувачкиот процес склон кон антикорупциската реформа, и треба да се спомене дека Поранешна Југословенска Република Македонија ќе биде оценувана во третиот бран (2012-2013).

Покрај тоа, правната рамка на националното законодавство за борба против корупцијата беше имплементирана во 2002 година со донесувањето на Законот за спречување на корупцијата, кој беше дополнет/изменет повеќе пати помеѓу 2004 и 2008 година, и со формирањето на Државната комисија за спречување со корупцијата (ДКСК) како независно тело, одговорно за спроведување на мерките за спречување на корупцијата и судирот на интереси. ДКСК е овластен и должен да ги подготви и донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Државната програма беше усвоена за првпат во 2003 година и содржи мерки и активности кои се преземаат со цел да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата.
Во 2005 година, Анексот на Државната програма препорача нови бројни мерки и активности што треба да се применуваат за ефективно намалување на корупцијата на локално ниво. Во 2007 година, новосоздадената Државна комисија почна со подготовка на нова Државна програма, водејќи сметка за научените лекции од спроведувањето на претходната. Новата Државна програма и Акциониот план за нејзината имплементација се основани врз прецизно утврдени индикатори.

## Комплексноста на корупцијата

Корупцијата може да се појави на различни нивоа. Разликата е обично меѓу голема и административна (ситна) корупција; првата се однесува на коруптивните практики кои влијаат врз законодавниот процес и носителите на одлуки, а додека другата се однесува на односите меѓу јавните службеници и јавноста. Во секој случај, таа има разурнувачки ефект врз владеењето на правото, го попречува еднаквиот пристап до јавните служби, влијае на довербата на јавноста во државните институции и е пречка за економскиот и социјалниот развој, особено во младите демократии.

Корупцијата е комплексен криминал со заматени граници, така што, многу често тешко е да се направи разлика меѓу злосторникот и жртвата. Не значи дека тоа мора да биде еднодимензионална трансакција во која активната ја присилува пасивната страна: двете страни може да имаат обострана корист, а жртвата може да биде трето лице или заедницата во целост. Згора на тоа, постојат културни и социјални фактори кои можат дополнително да го замаглат ова прашање. Давањето подароци, во знак на благодарност или заобиколување на бироктарските препреки, може да се смета за прифатливо во една култура, а во друга за неетички.

## Важноста од проучување на директно искуство

Во овој контекст, сеопфатна проценка на корупцијата во голема мерка може да им помогне на властите за подобро прилагодување на политиките и јакнење на капацитетите на антикорупциските тела. Истовремено, нашироко е прифатено прибирањето на емпириски податоци во оваа област и претставува вистински предизвик, како резултат на сложеноста и тајноста на самата природа на корупцијата. Овие тешкотии понекогаш се заобиколуваат како резултат на фокусирање кон перцепциите за корупција, а не на вистински искуства. Индикаторите базирани врз основа на перцепција се корисни за подигање на свеста во врска со проблемите и им помагаат властите да се залагаат за носење на конкретни политички мерки и за справување со неа, но за жал не успеваат да обезбедат јасни индикатори за степенот на корупција и да ги пронајдат ранливите области во системот. Загриженост, исто така, постои во врска со валидноста на методите кои се користат за да се креираат индикатори врз основа на перцепција.

Во изминатите години се развија алатки кои се користат за прибирање информации од директни искуства со корупцијата: истражувањата врз основа на примерок може да произведат значајни показатели за големината и природата на коруптивните практики. Уште поважно, изобилството на собраните информации може да фрли светлина врз

модалитетите на корупција и секторите, позициите и административните постапки кои се повеќе се изложени на ризик. Промовирани од страна на разни меѓународни организации, државни институции, невладини организации (НВО) и агенции за развој, голем број на ваков вид на анкети се спроведоа во повеќе земји во светот вклучувајќи ја и Поранешна Југословенска Република Македонија како и регионот на Западен Балкан, со што се докажува изводливоста и важноста на овој пристап.

## Претходни истражувања спроведени во Поранешна Југословенска Република Македонија

Во 2006 година е спроведено истражување од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитеот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кое е направено на репрезентативен примерок од 2.759 граѓани на Поранешна Југословенска Република Македонија и тие биле запрашани за најголемиот актуелен проблем со кој тие лично се соочуваат и со кои проблеми се соочува нивната земјата.
Во двата случаи корупцијата била рангирана на трето место меѓу најважните проблеми. На лично ниво, 9 проценти од испитаниците ја рангирале корупцијата под лошиот економски статус (43%) и невработеноста (38%). На национално ниво, 14 проценти од испитаниците ја рангирале корупцијата, како најважен проблем со кој се соочува Поранешна Југословенска Република Македонија по невработеноста (50%) и лошата економска ситуација (30%).
Испитаниците не беа оптимисти во врска со намалувањето на корупцијата во нивната земја: голем дел од испитаниците (62%) веруваат дека нивото на корупција се зголемило во изминатата година пред истражувањето. Од друга страна, пак, 14% од испитаниците изјавиле дека нивото на корупција е намалено во споредба со претходната година, а додека секој четврти испитаник не бил во можност да даде прецизен одговор.
Наодите од најновото истражување на Глобалниот корупциски барометар за 2010 година, спроведено од страна на Транспаренси Интернешнал, покажуваат дека речиси една половина од испитаниците (46%) сметаат дека во изминатите три години нивото на корупција во Поранешна Југословенска Република Македонија е зголемено, 29 проценти мислат дека остнало исто и една четвртина сметаат дека нивото на корупција е во опаѓање. Со тек на време, мало намалување на процентот кај населението кое перцепира зголемување на корупцијата може да се забележи кога ќе се споредат резултатите од двете студии.

## Опфатот и методологијата на истражувањето

Следствено на обостраната спогодба меѓу Европската комисија и Владата на Поранешна Југословенска Република Македонија, УНОДЦ ја обезбеди својата поддршка во спроведувањето на оваа опсежна анкета за корупцијата во соработка со Државниот завод за статистика како национален партнер за спроведување на истражувачките активности.

**Мапа 1: Регионален опфат на истражувањето**




Главна цел на ова истражување беше да се истражат реалните искуства на административната корупција во Поранешна Југословенска Република Македонија: истражувањето имаше за цел да ги испита видовите и модалитетите на корупција што преовладуваат и нивното влијание врз секојдневниот живот на граѓаните, со посебен фокус на подмитувањето[2], практика која, во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, е кривично дело. Дополнителни теми, опфатени со истражувањето вклучуваат: пријавување на корупција до надлежните органи, мислења на граѓаните за корупцијата и интегритетот на јавните институции и виктимизација претставена во други форми на криминал. Со цел успешно да се приберат податоците во 2010 година, истражувањето врз основа на примерокот беше спроведено преку директно интервјуирање „лице в лице“, на национално репрезентативен примерок од 3.500 граѓани во Поранешна Југословенска Република Македонија, на возраст од 18 до 64, случајно избрани во секој статискички регион на земјата.

Овој извештај содржи анализа на прибраните податоци од анкетата. Неговата цел не е да се рангираат регионите во земјата, ниту пак било кој сектор или министерство, туку да се обезбеди аналитичко знаење за овој комплексен феномен, како на национално така и на локално ниво. За ефективна борба против корупцијата потребно е да се разберат нејзините многубројни аспекти, бидејќи не постои едниствено решение за проблемот. Се верува дека информациите базирани на докази презентирани во овој извештај ќе им обезбедат на властите на Поранешна Југословенска Република Македонија дополнителни алатки за развивање на прецизни антикорупциски политики. Податоците исто така ќе може да се употребат во процесот на партнерското оценување на имплементацијата UNCAC - Механизам за ревизија, како и да претставуваат репер за мерење на идниот напредок во борбата против корупцијата.

---

[2] Подмитување е дефинирано како (а) ветување, нудење или давање мито на јавниот службеник, директно или индиректно, како несоодветна предност, на јавниот службеник за себе или за друго лице или ентитет, со цел службеникот да постапи или да се воздржи од постапување во остварувањето на неговите или нејзините службени должности и (б) како покана или прифаќање од страна на јавниот службеник, директно или индиректно со несоодветна предност, на јавниот службеник за себе или за друго лице или ентитет, со цел службеникот да постапи или да се воздржи од постапување во извршувањето на неговите или нејзините службени должности.



# 1. РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА ПОДМИТУВАЊЕТО

Јавниот сектор игра клучна улога во современото општество. Дали за лекарски преглед, упис на училиште и факултет или издавање на лична карта, граѓаните и домаќинствата зависат од овие услуги за најразлични причини. Фактот дека три четвртини од полнолетните граѓани изјавиле дека имале барем еден контакт со јавните службеници во годината пред ова истражување покажува колку значајна улога игра јавниот сектор.
Побарувачката за овие услуги на системот е повеќе од јасна, но кога станува збор за интегритетот во обезбедувањето и користењето на ове услуги, сликата што се наметнува е малку замаглена. Еден важен наод од ова истражување е тоа што значителен број од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија (146.000, што е еднакво на 10.8% од полнолетната популација на возраст од 18 до 64 години) била директно или индиректно изложена на искуство со подмитување на јавен службеник во изминатите 12 месеци пред анкетата. Според графикон 1, оваа бројка претставува збир на три различни групи: процентот на граѓани кои всушност платле пари, дале подарок или услуга на носител на јавна функција; процентот на оние од кои се бара да платат мито од страна на јавниот службеник, но одбиле да го сторат тоа, и процентот на оние кои живеат со некој кој платил поткуп.

**Графикон 1: Директна и индиректна изложеност на подмитување на полнолетното население во Поранешна Југословенска Република Македонија во последните 12 месеци пред истражувањето, (2010)**



Податоците во графикон 1 покажуваат дека поткупот претставува значаен проблем во животот на многу граѓани на Поранешна Југословенска Република Македонија. Во исто време, охрабрувачки е да се напомене дека има значителен дел од нив кои се подготвени да кажат "не", со што одбиваат да платат мито кога од нив тоа ќе го побара јавниот службеник. Податоците покажуваат дека за секои двајца граѓани кои плаќаат мито на носител на јавна функција во текот на годината, има еден кој одбива да го направи тоа.

Кога се фокусираме на платеното мито, распространетоста се пресметува преку бројот на граѓаните кои во последните 12 месеци пред анкетата подмитиле службеник на јавна функција со пари, подарок или услуга барем еднаш, соодветно на процентот на граѓани кои имале најмалку еден контакт со јавен службеник. Така што, во просек распространетоста на корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија изнесува 6,2 отсто на национално ниво, иако постои значително варирање на распространетоста низ различните региони на земјата (графикон 2).

**Графикон 2: Распространетоста на поткупувањето и просечниот број на поткупи платени по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Забелешка: Распространетоста на поткупот се пресметува како број на полнолетни граѓани (возраст 18-64), кој подмитиле службеник на јавна функција со пари, подарок или услуга во најмалку една прилика во последните 12 месеци пред истражувањето, како процент од полнолетни граѓани кои имале барем еден контакт со јавен службеник во истиот период. Просечниот број на поткуп се однесува на просечниот број на поткуп даден од страна на сите поткупувачи, односно оние кои платиле барем еден поткуп во последните 12 месеци пред истражувањето.

**Графикон 3: Распространетост на поткупот и просечниот број на платени поткупи, според пол и според урбани / рурални области, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**



На пример, распространетоста е двојно поголема од националниот просек во Југоисточниот регион (12.4%) и нешто поголема во Вардарскиот (8.2%), а додека таа е значително помала во Источниот регион (2.4%) и во Североисточнот регион (3%) (графикон 2). Иако не постојат значителни разлики во однос на распространетоста на корупцијата меѓу урбаните (6.4%) и руралнте (5.8%) субпопулации на национално ниво (графикон 3), неколку варијации на регионално ниво може да бидат предствавени. Така, што најважна флуктуација е регистрирана во Југоисточниот регион каде распространетоста на поткупот во руралните области е двојно поголема отколку во урбаните населби (16% наспроти 7.5%). Во други региони како на пример Североисточниот регион и Скопје, се чини дека има многу повисока распространетост на поткуп во урбаните средини (4.7% и 8.4%) во споредба со локалните рурални средини (0.0% и 3.1%).

Во Полог, процентот на мажи кои учествувале во подмитувањето (6.8%) е двапати поголем од процентот на жени (3.3%), исто така има значителна разлика меѓу половите во Скопскиот (8.9% наспроти 5.5%), Источниот (4.4% наспроти 0.0%) и Југоисточниот регион (15.2% наспроти 9.6%). Спротивно на тоа, Вардарскиот и Југозападниот регион покажуваат повисок процент на жени вклучени во поткупот (11% и 7%, соодветно) отколку мажи (6% и 4%, соодветно). На национално ниво пак, 7 отсто од возрасната машка популација учествувала во подмитување, споредбено со 5.3 отсто од жените (графикон 3). Дека разликата не е толку значајна покажува тоа што и покрај фамилијарната улога во општеството, жените преземаат значајни административни процедури истко како и мажите и за нив корупцијата не е непозаната.

Меѓутоа погрешно е да се земе  предвид само распространеторста на степенот на корупција во една земја. За да се добие непристрасен  впечаток, , исто така, треба да се земе  предвид и фреквенцијата на плаќање поткуп бидејќи речиси една третина од подмитувачите во Поранешна Југословенска Република Македонија платиле мито барем еднаш, а додека повеќе од две третини тоа го сториле во повеќе наврати. Поткупувачите во Поранешна Југословенска Република Македонија во просек поткупуваат нешто повеќе од двајца јавни службеници во две и пол различни прилики, со што сите од нив кои што барем еднаш дале поткуп, морале да тоа да го направат речиси шест пати во годината или на секои два месеци.

Како што покажува графиконот 2, највисоката фреквенција е во Североисточниот регион, додека најмал број на плаќања е забележан во регионите Пелагонија и Полог. Не постои очигледна разлика меѓу фреквенцијата на мито платена во урбаните и во руралните средини, но значајна разлика има меѓу просечниот број на мито платено од мажите (6,7) споредбено со жените (4.7)  (Графикон 3).

Иако постојат разлики во регионите, податоците покажуваат дека митото се плаќа прилично редовно од страна на оние граѓани кои ја користат оваа алатка за надминување на проблемите и препреките во врска со јавната администрација.



## 2. ПРИРОДАТА НА ПОТКУПОТ

Поткупот на јавните службеници доаѓа во повеќе форми и големини и секако е од различни причини во најразлични контексти. Пари или подароци, на пример, може да бидат експлицитно побарани од јавните службеници за завршување одредена работа или да им биде понудено од страна на граѓаните се со цел за да се забрза работата или едноставно да се изрази благодарност за завршената услуга. Во ова поглавје, се прикажани бројни особености на поткупот со цел да се фрли малку повеќе светло на она што впрочем изгледа сложено прашање.

### Форми на поткуп

Во Поранешна Југословенска Република Македонија, 45 отсто од митото се плаќа во готово (графикон 4), додека 25 проценти во форма на храна и пијалаци. Значително помал процент се исплаќа со друга стока (9%), размена на услуга (9%) и скапоцености (5%). Голем дел од поткупот е во форма која може да се протолкува како размена - или експлицитна или имплицитна - меѓу двете страни во која секоја и дава и прима нешто за замена. Но, треба да се нагласи дека во повеќе случаи двете страни не се во иста положба, една од нив (јавниот службеник) обично е во појака позиција во преговорите.

**Графикон 4: Процентуална застапеност на исплатеното мито сред видот на исплатата, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на последнито исплатено мито од страна на секој поткупувач во последните 12 месеци пред истражувањето. Сумата е поголема од 100 проценти, бидејќи, во некои случаи, поткуп се плаќа во повеќе од една форма (на пример, пари и скапоцености)*

Кога се фокусираме на митото исплатено во кеш (графикон 5), резултатите од ова истражување покажуваат дека една петтина од поткупот се однесува на износи помали од 5.000 денари (околу 80 евра[3]), 19 отсто е во опсег 5000 - 14.999 денари (околу 80-245 евра), 22 отсто од 15.000 до 49.999 денари (приближно 245-815 евра) и 12 отсто од нив од 50.000 до 99.999 (од 815 до 1630 евра). Околу 5 отсто од поткупот е износ поголем од 100.000 (приближно 1630 евра). Иако ова не претставува многу "голема корупција", овие износи се сигурно многу значајни за домаќинствата кои се вклучени во процесот. Околу 22 проценти од оние кои што го платиле нивниот последен поткуп во готово не биле подготвени да го откријат платениот износ.

Графикон 5: **Процентуална застапеност на исплатеното мито во готово според уплатениот износ (во денари), Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Земајќи ги предвид последните поткупи исплатени во кеш, просечниот поткуп изнесува 28.813 денари, или истоветно на околу 470 евра, бројка што одговара на околу 145 отсто од просечната месечна плата во Поранешна Југословенска Република Македонија во 2009 година. Може да се забележи дека постои значајна разлика меѓу високите просечни суми на мито исплатено во Поранешна Југословенска Република Македонија и релативно нискиот степен на распространетост (види Поглавје 1). Ова би можело да сугерира дека митото се помалку претставува секојдневие во животот на граѓаните, туку тоа се повеќе се користи кога интересите се високи и за подмитувачите и за подмитените.

## Модели и тајминг на побарување на мито

Во контактите со јавните службеници кои резултирале со исплата на пари или подароци, забележливо е дека во речиси една третина (32%) од случаите исплатата е понудена од страна на самите граѓани, додека во повеќе од 60 проценти од сите случаи исплатата е всушност направена по барање. Во еден од четири случаи барањето е направено експлицитно од страна на јавниот службеник, а додека во 22 проценти од случаите, јавниот службеник тоа го прави имплицитно. Дополнителни 15 проценти од случаите добиваат барање преку трета страна – посредник (графикон 6), и тука сложеноста на коруптивните практики може јасно да се види.

[3] Македонската национална валута е македонски денари (МКД). Евра / МКД според средниот курс во 2010 година: 1 евро = 61,3 денари

Графикон 6: **Процентуална застапеност на исплатеното мито според модалитет на побарување/понуда на мито), Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на последнито исплатено мито од страна на секој поткупувач во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Тајмингот на плаќањето поткуп, исто така, може да фрли светло на мотивацијата зад која се наоѓа, особено со оглед на тоа дали е направен за да се олесни одредена услуга или едноставно "благодарам" за успешно завршената постапка. Податоците покажуваат дека 43 проценти од плаќањата се дадени пред услугата да биде всушност спроведена, додека помалку од една четвртина се дадени после услугата. Околу 7 отсто се исплаќа на две рати, една пред и една по услугата, и 21 отсто од митото се плаќа истовремено кога се спроведува услугата (графикон 7).

**Графикон 7:** Процентуална застапеност на исплатеното мито според времето на исплата во однос на извршувањето на услугата, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)




*Забелешка: Податоците се однесуваат на последнито исплатено мито од страна на секој поткупувач во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Како што е прикажано во Графикон 8, кога плаќањето се врши пред услугата, кога е направено делумно пред и делумно по услугата и истовремено во спроведувањето на услугата (56%, 51% и 49%, соодветно), поткупот со пари почесто се користи отколку поткупот со храна, додека храна и пијалак најчесто се користи како мито кога "трансакцијата" се врши после услугата (45%).

**Графикон 8: Процентуална застапеност на исплатеното мито според видот и времето на исплата во однос на извршувањето на услугата и модалитет на побарување/понуда на мито, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на последното исплатено мито од страна на секој поткупувач во последните 12 месеци пред истражувањето. Сумата е поголема од 100 проценти, бидејќи, во некои случаи, поткупот се плаќа повеќе од една форма (на пример, пари и скапоцености)*

Графиконот 8, исто така, покажува дека парите најчесто се користат кога митото се исплатќа на јавен службеник со посредство на трето лице (76%). Парите се, исто така, најчестиот облик на мито кога граѓаните се принудени имплицитно да разберат дека од нив тоа се очекува (62%) или кога е направено експлицитно барање (46%). Од друга страна пак, кога граѓанинот нуди поткуп без тоа претходно да биде побарано од него, храна и пијалак е најчестата форма на поткуп (40%), а додека пари се даваат во една четвртина од вакви случаи.

## Целта на подмитувањето

Во секоја постапка митото може да се користи за различни намени. Луѓето можат, на пример, да дадат мито во врска со вадење нова лична карта или пасош се со цел да ја забрзаат постапкатата за издавање, намалување на официјалната такса, да добијат информации или да добијат подобар третман. Различни цели на мито дадено, без оглед за која постапката се однесуваат, се прикажани во графикон 9.

**Графикон 9: Процентуална застапеност на исплатеното мито според намената, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на последнито исплатено мито од страна на секој поткупувач во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Половина од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија коишто учествувале во чинот на поткуп го направиле тоа за да ја забрзаат постапката, а 12 проценти тоа го направиле без некоја посебна цел. Дополнителни 12 проценти платиле поткуп за завршување на постапката. Заедно со четвртата заедничка цел - да добијат подобар третман (11%) - овие податоци укажуваат на тоа дека митото најчесто се употребува за да се надминат недостатоците и слабостите во испораката на јавните услуги.



# 3. ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПОТКУПОТ

Исто како што поткупот може да се користи за различни цели во различни варијанти и различни контексти, не значи дека сите сектори на јавната администрација во Поранешна Југословенска Република Македонија се погодени од корупцијата во иста мера. Постојат одредени типови на јавни службеници кои бараат мито почесто од другите, а постојат одредени постапки и ситуации во кои корисниците на јавните услуги се повеќе се склони да понудат мито на јавните службеници се со цел да се премостат бирократските процедури и побрзо да се заврши постапката.

Според искуството на граѓаните кои платиле барем еден поткуп во последните 12 месеци пред истражувањето, јавните службеници кои најчесто примаат мито во Поранешна Југословенска Република Македонија се доктори (58% од граѓаните кои имале директно искуство со корупцијата платиле мито на докторите), полициски службеници (35%), службеници во катастар (17%), наставници и професори (17%), медицински сестри (16%), царински службеници (16%), судии / обвинители (16%) и општински службеници (15% ) (графикон 10). Други јавни службеници кои добиваат помал процент на мито, почнувајќи од службениците во министерството за внатрешни работи (регистрација на автомобили / издавање возачка дозвола) (4%) до службеници во јавните комунални претпријатија (10%).

**Графикон 10: Процентуална застапеност на исплатеното мито според видот на јавниот службеник, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Збирот е поголем од 100 проценти бидејќи поткупувачите би можеле да подмитат повеќе од еден јавен службеник во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Големината на населеното место во Поранешна Југословенска Република Македонија, исто така, може да има влијание врз видот на службениците вклучени во поткупот. На пример, повеќе граѓани од урбаните отколку руралните средини плаќаат мито на полициските службеници (40% наспроти 26%), на наставниците или професорите (21% наспроти 10%), судии или обвинители (18% наспроти 11%) и медицински сестри (19% наспроти 12%). Во меѓувреме, докторите повеќе прифаќаат мито или подароци во руралните области отколку во урбаните области: 70 отсто од подмитувачите во руралните средини даваат мито на лекарите, во споредба со 51 отсто во урбаните средини.

До извесен степен, тоа не е изненадувачки за јавните службеници со високо ниво на интеракција со јавноста кои исто така добиваат најмногу мито. Сепак, постојат некои делови на јавната администрација, како на пример во судството или царинската служба, каде што фреквенцијата на интеракција со граѓаните е секако поограничена, но каде искуствата со поткуп се уште претставуваат проблем. Затоа, корисно е да се анализара не само кои видови на службеници најмногу примаат мито, туку и веројатноста одреден вид на јавен службеник да прими мито кога ќе биде конектиран – независно од фреквенцијата на интеракција. За да се измери тоа, бројот на граѓани кои платиле поткуп на јавниот службеник се споредува со бројот на граѓани кои имале контакти со тој вид на јавен службеник во последните 12 месеци пред истражувањето. Графиконот 11 покажува стапки пресметани како процент на луѓе кои платиле поткуп на одреден тип на јавен службеник во однос на оние кои имале контакт со истиот тип на јавен службеник.

**Графикон 11: Стапка на распространетост на поткупот според видот на јавниот службеник, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: стапката на распространетост на поткупот се семта како број на полнолетни граѓани (18 до 64) кои дале на јавен службеник пари, подароци или услуги барем еднаш во последните 12 месеци пред истражувањето, како процент на полнолетни граѓани кои барем еднаш имале контакт со јавен службеник за истиот период. Во овој графикон распространетоста на поткупот е пресметана за секој јавен службеник одделно.*

Овој индикатор покажува дека највисок просечен степен на распространетост е регистриран кај царинските службеници (8%), судиите / обвинителите (7%), полицајците и докторите (и 5%). Покрај тоа, релативно висока вредност е регистрирана кај катастарсите службеници, што покажува дека тие, исто така, бараат плаќање на мито со одредена фреквенција од граѓаните со кои тие доаѓаат во контакт. Вредностите прикажани во графиконот 11 се особено релевантни за идентификување на професии каде што ризикот од корупција е повисок.

Друг важен индикатор за степенот на корупција меѓу јавните службеници е фреквенцијата на плаќања. Графиконот 12 го покажува просечниот број на мито кој подмитувачите го плаќаат на јавните службеници, со тоа што царинските службеници добиваат речиси седум поткупи од секој подмитувач, додека медицинските сестри и

лекари добиваат повеќе од четири и дваипол поткупи соодветно. Исто така, оние кои признале дека плаќаат поткуп на полициски службеник, всушност поткупиле во просек 2,4 пати.

**Графикон 12: Просечен број на поткупи платени според видот на јавниот службеник, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: П росечниот број на мито се однесува на просечниот број на поткупи дадени од страна на подмитувачите, односно оние кои платиле барем еден поткуп во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Треба да се напомене дека сепак граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија секогаш не се согласуваат со плаќање на поткуп се со цел да олеснат или придобијат одредена административна постапка. Како што е прикажано во глава 1, на секои двајца граѓани кои плаќаат мито има еден кој одбива да го стори тоа. Графиконот 13 покажува дека докторите и полицајците се два вида на јавни службеници чии побарувања на поткуп се најчесто одбивани: од оние граѓани кои одбиле да платат поткуп , на 29 отсто од нив лично им било побарано да платат поткуп од страна на доктор, на 18 отсто од страна на полициски службеник и на 9 проценти од царински службеник или судија / обвинител.

**Графикон 13: Процентуална застапеност на полнолетното население кое одбило да плати мито според видот на јавниот службеник, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**





## 4. ПРИЈАВУВАЊЕ НА МИТО

Во поглед на степенот до кој кривичното дело се пријавува на надлежните органи од страна на жртвите е директно пропорционален на комбинираниот ефект од три фактори: согледаната сериозност на искусеното кривично дело; вербата во властите да ги идентификуваат виновниците и непосредна корист што жртвата може ја да извлече од пријавувањето (оштета, осигурување, и сл.).

Во случај на поткуп, се чини дека ниту еден од горенаведените фактори моментално не игра улога во Поранешна Југословенска Република Македонија. Според резултатите на ова истражување, помалку од 1 отсто од поткупувачите го пријавиле своето искуство на властите. Голем дел од оние кои плаќаат мито тоа го доживуваат како позитивна пракса (13% велат дека тоа е само знак на благодарност) или едноставно како вообичаена практика (13%), околу 17 отсто велат дека тие, всушност, добиваат директна корист од плаќање на поткуп и немаат причина да пријават. Голем дел од нив (38%) отворено признаваат дека пријавувањето би било бесцелно, затоа што никој ништо нема да стори за тоа. Понатаму, податоците покажуваат дека факторите како што се страв од одмазда (7%) или недоволното познавање и свесност на органите одговорни за обработка на жалбите на граѓаните (4%) не може да се сметаат за важен мотиватор за да се објасни ниската стапка на пријавување (графикон 14).

**Графикон 14: Процентуална застапеност на подмитувачите кои не пријавиле мито во споредба со најважните причини за непријавување, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на поткиупивачите кои не го пријавиле своето искуство со мито на властите во последните 12 месеци пред истражувањето.*

Искуствата со подмитување обично не се пријавуваат на властите, но жртвите ги делат своите искуства со луѓето кои ги познаваат. Околу 35 проценти од граѓаните со вакво искуство дискутирале за тоа со семејството или пријателите, но таквите дискусии не отишле подалеку од групата на роднини и пријатели и само делумен број од нив разговарале за поткупот со поединци или групи кои потоа ќе можат да им помогнат, како што се невладините организации и новинари.

Меѓутоа, за голем дел од поткупувачите (63%) оваа анкета е првпат тие да пријават плаќање поткуп, што значи дека тие никогаш претходно не го споделиле искуството со никого, дури ни со блиски пријатели или роднини. Кога станува збор за поткуп, во многу случаи се уште постои добро втемелена практика на премолчување.

**Графикон 15: Процентуална застапеност на возрасната популација според пријавување на идните инциденти поврзани со мито, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Како што е наведено претходно, многу малку граѓани се одлучуваат да го пријават на властите нивното искуство, но кога од граѓаните се бара на која јавна служба тие би се обратиле во иднина доколку тоа мора да го направат, повеќе од една третина (36%) одговориле дека тоа би го пријавиле на полицијата или на непосредно претпоставениот раководител на корумпираниот јавен службеник (29%), додека 17 отсто би го пријавиле на антикорупциско тело. Само 6 отсто би се довериле на новинар, а околу 3 отсто на јавен обвинител и уште 3 отсто на Народниот правобранител.



# 5. ДРУГИ ОБЛИЦИ НА КОРУПЦИЈА

Покрај подмитувањето за добивање услуги од јавниот сектор, на граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија им беа поставени прашања и за одредени појави и однесувања во однос на вработувањето во јавниот сектор и купувањето гласови пред избори.

## Вработување во јавниот сектор

Покрај тоа што му нуди најразлични суштински услуги на населението, јавниот сектор е најголемиот работодавач во било која земја. Во Поранешна Југословенска Република Македонија учеството на работната сила вработена во јавниот сектор е околу 27% според последните проценки на Меѓународната организација на трудот[4]. Поради самата големина и важноста на јавната администрација, институциите/агенциите мора редовно да вработуваат нов персонал. Процесот на вработување, иако е регулиран со цел да се обезбеди транспарентност, на службениците за избор на кандидатите им остава простор за одредена дискреција. Во согласност со националните начела, правила и практики, вработувањето треба да биде врз основа на способност и искуство, но честопати како клучни фактори при изборот се појавуваат непотизмот, кронизмот, па дури и подмитувањето.

Вработувањето во јавниот сектор е привлечно не само поради природата на самата работа, туку и поради предностите што се карактеристични за работата во јавната администрација, како што е сигурноста на работното место, социјалниот статус и соодветниот надоместок. Во оваа смисла, Поранешна Југословенска Република Македонија не е исклучок и, според резултатите од истражувањето, околу 20% од граѓаните или членови на нивните домаќинства конкурирале за работа, а од нив 18% добиле работа во јавниот сектор во последните три години пред истражувањето. Од оние што успеале, 6% признаваат дека платиле, дале подарок или направиле некаква услуга за да бидат примени на работа. Податоците покажуваат дека постапките за вработување во јавниот сектор во Поранешна Југословенска Република Македонија се недоволно транспарентни, барем според мислењето на кандидатите што не биле избрани: според графиконот 17, три четвртини од оние што не биле вработени сметаат дека некој друг бил вработен како резултат на непотизам, кронизам или подмитување

[4]Според последните проценки на Меѓународната организација на трудот (ILO), учеството на работната сила во јавниот сектор во Поранешна Југословенска Република Македонија изнесува 27.2% (2005)

(70%), или плаќање пари (5%). Само 7% веруваат дека друг бил вработен поради подобри квалификации.

**Графикон 16: Процентуална структура на возрасното население коешто конкурирало, а не било примено на работа во јавниот сектор во последните три години пред истражувањето, според причина за невработување, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Податоците се однесуваат на возрасното население (18-64 години) коешто конкурирало за работа во јавниот сектор во последните три години пред истражувањето, но не било примено.*

## Купување гласови на избори

Клучниот развојот во секоја демократија се манифестира преку модалитетите, правилата и прописите на изборниот процес, вклучувајќи ги и прописите за спроведување изборна кампања, финансирањето на партиите и пристапот до медиумите. Ова се екстремно важни и чувствителни теми за коишто државите имплементираат сеопфатно законодавство, со цел да се осигураат фер и транспарентни избори.

**Графикон 17: Процент на возрасно население од кое било побарано да гласа за одреден кандидат на последните национални и локални избори во замена за пари, стока или услуга, според урбани и рурални области, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010).**




Во овој поглед, Конвенцијата на Обединетите нации против корупција ги повикува земјите да одредат критериуми за кандидирање за носители на јавни функции и да ја зголемат транспарентноста во однос на финансирањето на кандидатурите и, онаму каде што е применливо, на политичките партии. Во оваа рамка, со истражувањето беше разгледан еден специфичен аспект на изборниот процес, при што граѓаните беа прашувани за нивната изложеност на купување гласови. Резултатите покажуваат дека за време на парламентарните избори во 2008 година, од 5% од граѓаните било побарано да гласаат за одреден кандидат или политичка партија во замена за конкретна понуда, како на пример пари, стока, или услуга. Исто така, околу 5% изјавиле дека за време на локалните избори добиле одредена понуда (графикон 17).

Овие понуди за купување гласови се со различна застапеност во урбаните (4.5% на националните и 3.6% на локалните избори) и руралните области (6.5% и 7.6% соодветно) (графикон 17). Најмногу барања за гласање упатени до поединци на националните избори се забележани во Североисточниот регион (9%), исто како и на локалните избори (9%), додека во Полошкиот регион овој број изнесува 8% на локалните избори. Во другите региони учеството на возрасното население што добило понуда во замена за глас се движи од 4 до 6%, додека во Скопскиот регион процентот на население од кое било побарано да го продаде својот глас е значително помал (2%) (графикон 18).

**Графикон 18: Процент на возрасно население од кое било побарано да гласа за одреден кандидат на последните национални и локални избори во замена за пари, стока или услуга, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010).**




Најголем број понуди се регистрирани во руралните области, упатени почесто кон мажи отколку кон жени, и најмногу кон лица со ниски примања и низок степен на образование (графикон 19).

**Графикон 19: Процент на возрасно население од кое било побарано да гласа за одреден кандидат на последните општи избори во замена за пари, стока или услуга, според одредени белези (урбани/рурални области, пол, приходи и школска подготовка), Поранешна Југословенска Република Македонија (2010).**





# 6. ПОДЛОЖНОСТ НА ПОДМИТУВАЊЕ

По дефиниција, во чинот на подмитување постојат две страни, една којашто дава и друга којашто прима пари, подарок или услуга, а во одредени случаи, како што може да се види во претходните поглавја, се појавува и трето лице во улога на посредник. Идентитетот на жртвата не е секогаш јасен: понекогаш тоа е подмитувачот, особено кога нема избор освен да плати за да добие одредена услуга, додека во други случаи договорот меѓу две страни, без разлика дали е експлицитен или имплицитен, а оди на сметка на трета страна, која може да биде поединец, група или заедницата воопшто. Таквите нејасни граници значат дека какви било информации за одликите и карактеристиките на подмитувачите, колку и да се незначителни, може да бидат од голема помош при создавањето на антикорупциските политики и при оценувањето на влијанието на подмитувањето.

Општо гледано, демографските и социо-економските карактеристики на подмитувачите во Поранешна Југословенска Република Македонија се речиси исти со оние на населението во целина, иако може да се забележат и одредени специфични карактеристики. На пример, распространетоста на подмитувањето е повисока кај машкото отколку кај женското население (7% наспроти 5%), најизложени на подмитување се мажите во нивните 30-ти години, а веројатноста од нив да биде побарано да платат мито се намалува со возраста (графикон 20).

**Графикон 20: Распространетост на подмитувањето во Поранешна Југословенска Република Македонија, по возрасни групи и пол (2010).**




*Забелешка: Распространетоста на подмитувањето се пресметува како број на возрасни лица (18-64 години) кои на јавен службеник му дале пари, подарок или услуга, најмалку еднаш во последните 12 месеци пред истражувањето, како процент на возрасни граѓани кои во истиот период најмалку еднаш имале контакт со јавен службеник.*

Сепак, кога се набљудува според видот на службеникот кој го прима поткупот, постојат значителни разлики во изложеноста на подмитување меѓу мажите и жените во Поранешна Југословенска Република Македонија. На пример, стапката на распространетост во поглед на полициските службеници изнесува 7% кај мажите, но само 2% кај жените, а во однос на царинските службеници 10% кај мажите и 5% кај жените. Истото може да се забележи и при анализата на поткупувањето на одредени видови службеници, според приходот на домаќинството на подмитувачот, и веројатноста за подмитување полициски службеник е најголема кај граѓаните со високи примања на домаќинството. Но, кога ќе се земат предвид карактеристиките како што е степенот на образование или работниот однос, не постои некој јасен модел или образец.

Во однос на причините зошто граѓаните плаќаат мито, жените, во споредба со мажите, тоа почесто го прават поради лични/семејни причини (82% наспроти 14%), додека мажите почесто од причини поврзани со работата (23% наспроти 14%). Најмладата возрасна група (18-29) исто така покажува висок степен на плаќање мито од причини поврзани со работата (37%). Кај лицата со ниски примања најчест е поткупот поради лични/семејни причини (96%), додека граѓаните со високи примања на домаќинството, во помал степен, учествуваат во подмитување од чисто деловни причини (61%), што значи поверојатно е тие да платат мито поврзано со нивната работа или бизнис. Но, општо гледано, поткупот на администрацијата има влијание врз различните социјални слоеви, без некој јасен модел или образец. Поткупот претставува прагматичен начин на решавање проблеми или отстранување бирократски пречки, при тоа богатите можат да си дозволат да платат поголемо мито за таа цел, но сепак ниту една социјална група не е исклучена од таквите активности.



# 7. ПЕРЦЕПЦИИ И СТАВОВИ ЗА КОРУПЦИЈАТА

Перцепцијата на одредена појава може да се смета за резултат на процесот во кој една информација, без оглед на тоа дали е заснована на директно или индиректно искуство, се обработува и оценува од едно лице. Оттаму, ставовите на граѓаните за корупцијата претставуваат конечен резултат на еден сложен процес, а видот на информациите што им се достапни е првиот фактор што влијае на нивното мислење. Медиумите вообичаено играат голема улога во обликувањето на јавното мислење, на пример кога се фокусираат само на одредени појави на корупција, притоа занемарувајќи ги другите. Исто така, истите информации може да се толкуваат на различни начини од различни луѓе, во зависност од нивната култура, вредности, социо-економски статус, занимање и други белези.

**Графикон 21: Процентуална застапеност на возрасно население за кое одредени прашања се од најголема важност во Поранешна Југословенска Република Македонија (2010).**



Според тоа, согледувањата за корупцијата не ја мерат самата корупција, туку психолошкото влијание што таа го има врз населението. Ова истражување се фокусира на реалните искуства со ситна корупција, но разбирањето за тоа како корупцијата се доживува од населението е важен чекор за оценување на веројатноста од појава на корумптивни практики: колку е поголема перцепцијата на корупцијата, толку е поголема веројатноста дека одредени практики ќе опстојат и дополнително ќе се развијат. Ако се очекува дека е потребно да се плати мито за да се заврши некоја работа, тогаш поверојатно е дека тоа ќе биде побарано или понудено. Корумптивните практики, вклучувајќи го и подмитувањето, создаваат одредени претстави за корупцијата, кои пак од своја страна предизвикуваат корупција.

Како што беше спомнато, според резултатите од истражувањето, граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија сметаат дека корупцијата е еден од најголемите проблеми со кои се соочува земјата: тие ја рангираат корупцијата како трето најважно прашање на национално ниво, по невработеноста и сиромаштијата/нискиот животен стандард (графикон 21).

Разбирливо е дека невработеноста и сиромаштијата се најбитните прашања, но корупцијата всушност е рангирана повисоко од некои други прашања, како на пример работењето на владата или криминалот. На локално ниво, корупцијата се доживува како помалку или повеќе важна во зависност од тоа каква е перцепцијата на населението за другите социо-економски прашања. Всушност, во шест од осумте региони корупцијата се смета за трет најважен проблем со кој се соочува Поранешна Југословенска Република Македонија. Во Источниот и Североисточниот регион корупцијата се наоѓа на четврто место, веднаш зад работењето на владата, што може да се поврзе со други слични прашања (графикон 22).

**Графикон 22: Процентуална застапеност на возрасно население за кое одредени прашања се од најголема важност во Поранешна Југословенска Република Македонија, по региони (2010).**




Друг аспект што треба да се земе предвид при оценувањето на перцепцијата е тоа дали граѓаните сметаат дека корупцијата се намалува или зголемува со текот на времето. Како што е прикажано во графиконот 23, повеќе од една третина од граѓаните сметаат дека корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија е во пораст (сепак, мора да се повтори дека перцепцијата на временските трендови се разликува од реалното искуство со подмитување - што може да се види од претходните поглавја - и се разликува од ставовите за корупцијата во споредба со другите теми). Во овој поглед, постојат значителни варијации помеѓу регионите, при што околу 40% од возрасното население во Полошкиот, Југозападниот и Скопскиот регион сметаат дека корупцијата се зголемила во последните три години пред истражувањето. Во Источниот регион само една четвртина сметаат дека корупцијата е во пораст, а во Вардарскиот регион помалку од 30% од населението верува дека корупцијата се зголемила, додека 36% мислат дека таа всушност се намалила во последните три години пред истражувањето.

**Графикон 23: Процентуална застапеност на возрасно население според перцепцијата на трендовите на корупција во Поранешна Југословенска Република Македонија во последните три години пред истражувањето, на регионално ниво (2010).**




За некои институции или сектори преовладува перцепцијата дека корупцијата е длабоко навлезена во нив. Графиконот 24 покажува дека значителен, но променлив дел од населението смета дека корумптивнитепрактики се случуваат често или многу често во избраните институции, при тоа армијата, јавните комунални претпријатија и приватните компании се во поголема мера имуни на корупција. Од друга страна, повеќе од една четвртина од возрасното население смета дека корумптивните практики се случуваат често или многу често во судовите и болниците.

**Графикон 24: Процент на возрасно население кое смета дека корумпираните практики се случуваат често или многу често во избраните сектори/институции во Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Овие оценки за перцепцијата на корупцијата им се од голема помош на засегнатите страни при согледувањето на довербата на граѓаните во институциите и нивната перцепција на интегритетот на разни клучни органи од јавниот сектор. Покрај овие

наоди за корумпираните сектори, од голема важност е да се види кои практики се сметаат за корумптивни и на кои постапки се однесуваат (графикон 25).

**Графикон 25: Процент на возрасно население кое смета дека одредени корумпирани практики се случуваат често или многу често кај јавните службеници и избраните претставници во Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Вработувањето пријатели или роднини се смета за највообичаена корумптивна практика кај јавните службеници (71%). Во однос на избраните претставници, повеќе од 50% од населението смета дека помагањето за напредување во кариерата на пријателите претставува честа или многу честа појава. Доделувањето договори на приватни компании е доста распространето кај избраните претставници и јавните службеници (55% и 54%). Голем процент од возрасното население во Поранешна Југословенска Република Македонија има впечаток дека сите злоупотреби наведени во графиконот 25 се редовна пракса. Манипулирањето со изборните резултати, иако се наоѓа на дното на листата, сè уште се доживува како честа или многу честа појава - повеќе од 40% од граѓаните. Имајќи предвид дека овие податоци се однесуваат само на перцепцијата на населението, забележливо е тоа што прилично голем дел од населението верува дека одредени практики се толку распространети.

Покрај перцепцијата за опсегот на одредени однесувања, важно е да се разбере и до кој степен таквите практики се сметаат за прифатливи од населението, со оглед на тоа што поради нивната зачестеност таквите однесувања во голема мера се прифатени од населението. Податоците претставени во графиконот 26 покажуваат дека за повеќе граѓани наведените дејствија се неприфатливи, иако постојат одредени нијанси и некои однесувања се поприфатливи од други. Освен тоа, чинот на нудење пари или подарок на јавен службеник од страна на граѓанин повеќе се толерира отколку барањето сторено од јавен службеник.

**Графикон 26:** **Процентуална застапеност на возрасно население во Поранешна Југословенска Република Македонија според прифатливоста на одредени практики на јавните службеници (2010)**





# 8. РАСПРОСТРАНЕТОСТ И ОБРАСЦИ ВО ДРУГИ ФОРМИ НА КРИМИНАЛ

Покрај корупцијата, во истражувањето беше опфатено и искуството со виктимизација на испитаниците во однос на различните видови криминал. Иако подмитувањето, кражбата на возило, личната кражба, провалата и грабежот претставуваат кривични дела, нивните влијанија не може лесно да се споредат поради значителните разлики во настанатата материјална, психолошка и социо-економска штета. Додека подмитувањето го разјадува јавниот интегритет и општественото ткиво во целина, другите видови криминал како нападот, грабежот и кражбата, покрај материјалните последици честопати имаат и значителен психолошки ефект врз жртвите.

Во повеќе земји, трендовите и обрасците на криминалот вообичаено се оценуваат преку податоците за пријавени кривични дела што ги прибира полицијата, обвинителството или судовите. Прибирањето податоци за жртвите на криминал обезбедува корисни информации од најмалку две причини: прво, дава оценка за таканаречената "темна бројка" на криминалот, која ги претставува сите кривични дела кои од најразлични причини не се пријавени од жртвите и, второ, обезбедува цела една низа информации за жртвите и модалитетите на криминалот, кои не се соодветно прикажани во статистиката на службите за спроведување на законот и судските органи.

**Графикон 27: Годишни стапки на распространетост на различните видови криминал, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Распространетоста на подмитувањето се пресметува како број на возрасни граѓани (18-64) кои на службеник му дале пари, подарок или услуга, најмалку еднаш во последните 12 месеци пред истражувањето, како процент на возрасни граѓани кои во истиот период најмалку еднаш имале контакт со јавен службеник; годишните стапки на распространетост на лична кражба, напад/закан, грабеж и провала се пресметуваат како број на возрасни граѓани кои имале искуство со некој од овие видови криминал, како процент од вкупното возрасно население (18-64 години); годишната стапка на распространетост на кражба на возило се пресметува како број на домаќинства кои барем еднаш имале искуство со кражба на автомобил, комбе или камион во последните 12 месеци пред истражувањето, како процент од домаќинствата кои поседуваат автомобил, комбе или камион.*

Како што е прикажано во графиконот 27, годишните стапки на распространетост на лична кражба (4.1%), провала (3.1%), напад/закана (2.1%), кражба на возило (1.4%) и грабеж (0.8%) се значително пониски отколку кај корупцијата (6.2%). Кога се разгледуваат овие бројки во една меѓународна перспектива, очигледно е дека искуството со виктимизација на граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија не се разликува многу од другите европски земји. Тоа може да се види во графикон 28, каде што стапките на распространетост на напад и кражба на возило во Поранешна Југословенска Република Македонија и другите земји од Западен Балкан се прикажани заедно со најновите податоци од одредени европски земји. Податоците покажуваат дека Поранешна Југословенска Република Македонија е рангирана некаде во средината во поглед на процентот на население кое било жртва на два вообичаени видови криминал, едниот против имотот (кражба), а другиот против лица (напад).

**Графикон 28: Годишни стапки на распространетост на кражба и напад/закана во земјите/областите од Западен Балкан и одредени европски земји (2010 и последната година за која има податоци)**




*Забелешка: Земјите/областите од Западен Балкан се прикажани со црвена боја. Податоците за другите европски земји, прикажани со сина боја, се преземени од Европското истражување за криминал и безбедност (EU-ICS) и Меѓународното истражување на жртвите на криминалот (ICVS), и се однесуваат на годината пред истражувањата од 2004 и 2005 година. Извор: WODC (2007), Criminal Victimization in International Perspective.*

Истиот образец се забележува и кај населението што имало искуство со најмалку еден случај на криминал во последните пет години пред истражувањето[5]: Личната кражба и понатаму е највообичаениот облик на криминал што го доживуваат граѓаните на

[5] Овој индикатор (т.е. петгодишните стапки на распространетост) создава поголеми потпримероци од кои може да се изведат значајни статистички проценки за понатамошна анализа на податоците по региони, урбани/рурални области, пол, итн.

Поранешна Југословенска Република Македонија (11.9%), на второто место се наоѓа провалата (7.5%), потоа напад/закана (4.5%), кражба на возило (3.9%) и грабеж (2.3%). Постои нагласена разлика меѓу стапките на виктимизација во урбаните и во руралните области, при што петгодишните стапки на застапеност на личната кражба, провалата и нападот/заканата се двојно повисоки во урбаните отколку во руралните области, додека стапката на грабежи во урбаните области е дури трипати поголема. Разликата помеѓу петгодишните стапки на виктимизација во урбаните и руралните области е помалку нагласен кај кражбата на возило (графикон 29).

**Графикон 29: Петгодишни стапки на распространетост на одредени видови криминал во урбаните и руралните области, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Стапките на распространетост на лична кражба, напад/закана, грабеж и провала се пресметуваат како број на возрасни граѓани кои имале искуство со некој од овие видови криминал во последните пет години пред истражувањето, како процент од вкупното возрасно население (18-64 години); стапката на распространетост на кражба на возило се пресметува како број на домаќинства кои барем еднаш имале искуство со кражба на автомобил, комбе или камион во последните 5 години пред истражувањето, како процент од домаќинствата кои поседуваат автомобил, комбе или камион.*

**Табела 1: Петгодишни стапки на распространетост на различните видови криминал, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | |
| Лична кражба | 13.7 | 5.1 | 8.5 | 10.8 | 13.3 | 8.4 | 6.2 | 18.2 | 11.9 |
| Провала | 9.9 | 9.8 | 3.3 | 12.5 | 9.6 | 3.6 | 5.2 | 8.1 | 7.5 |
| Напад/закана (лични) | 4.5 | 4.3 | 1.3 | 4.4 | 6.3 | 1.7 | 1.4 | 7.5 | 4.5 |
| Грабеж (личен) | 1.4 | 1 | 1.3 | 3.3 | 2.6 | 1.2 | 1.6 | 3.7 | 2.3 |
| Кражба на возило | 7.5 | 10.2 | 0 | 2.5 | 5.9 | 4 | 3.9 | 3.3 | 3.9 |

Гледано по региони, забележливо е дека Скопскиот регион има далеку највисоки петгодишни стапки на распространетост на лична кражба, напад/закана и грабеж, но релативно ниска стапка на кражба на возило. Другите региони што покажуваат високи стапки на лична кражба, напад/закана и грабеж се Вардарскиот, Пелагонискиот и Југоисточниот регион. Интересно е тоа што убедливо највисока стапка на кражба на возило (10.2%) е регистрирана во Источниот регион, далеку поголема отколку во

Вардарскиот (7.5%) и Пелагонискиот (5.9%), додека Скопскиот регион (3.3%) има потпросечна петгодишна стапка на распространетост на кражба на возило (табела 1).
Кај жените постои поголема веројатност да бидат жртви на лична кражба, но кога станува збор за напад/закана или грабеж, веројатноста е речиси иста како и кај мажите. Според податоците, виктимизацијата во Поранешна Југословенска Република Македонија не е тесно поврзана со возраста: кај младите возрасни групи се забележува повисока петгодишна стапка на застапеност на напад/закана, додека таквиот образец не е присутен кај повозрасните групи (графикон 30). Во рамките на помладите возрасни групи мажите се соочуваат со поголем ризик од напад/закана отколку жените, што не е случај со возрасните групи над 30 години, ниту пак може да се забележи некој препознатлив образец во стапките на виктимизација по возрасни групи во однос на кражбата и грабежот.

**Графикон 30: Петгодишни стапки на распространетост на напад/закана и лична кражба, по возрасни групи и пол, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Стапките на распространетост на лична кражба и напад/закана се пресметуваат како број на возрасни граѓани кои имале искуство со некој од овие видови криминал во последните пет години пред истражувањето, како процент од вкупното возрасно население (18-64 години).*

При разгледувањето на другите карактеристики на жртвите на криминал, се чини дека повисоките примања се поврзани со зголемен ризик од кражба или грабеж, додека меѓу економскиот статус на граѓаните и веројатноста од личен напад не се забележува таква врска (графикон 31).

**Графикон 31: Петгодишни стапки на распространетост на одредени видови криминал, според висината на примањата, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**



*Забелешка: Стапките на распространетост на грабеж, лична кражба и напад/закана се пресметуваат како број на возрасни граѓани кои имале искуство со некој од овие видови криминал во последните пет години пред истражувањето, како процент од вкупното возрасно население (18-64 години).*

Важна карактеристика на криминалните дела и нивните последици врз жртвите е и степенот на насилство при извршувањето на делата, а употребата на оружје од страна на сторителите претставува директен показател за тој степен. Стапките на распространетост на насилните кривични дела, како нападите и кражбите, во Поранешна Југословенска Република Македонија се умерени, и во повеќе случаи делата се извршуваат без оружје (73% за кражби, 71% за напади). Само во мал број случаи делата биле извршени под закана со оружје, како ножеви (9% грабежи, 6% напади) или огнено оружје (8% грабежи, 10% напади).

## Пријавување на криминал

Различни фактори, меѓу кои и степенот на насилство, имаат влијание на подготвеноста на жртвите да го пријават криминалот во полиција (графикон 32). Кражбата на возило речиси секогаш се пријавува во полиција заради осигурувањето, како и за одјавување на возилото. Покрај тоа, кривичните дела почесто се пријавуваат ако е претрпена поголема психолошка и материјална штета. Резултатите од истражувањето покажуваат дека учеството на претрпени кривични дела во последните 12 месеци пред истражувањето кои се пријавени во полиција се движи од 48% за напад/закана до 79% за кражба на возило. За споредба, од оние што платиле мито во наведениот период, помалку од 1% го пријавиле тоа во полиција. Провалата е пријавена во 78% од случаите, при што стапката е малку повисока доколку нешто е украдено. Грабежите се пријавуваат во полиција во нешто повеќе од 60% од случаите, при тоа стапката е поголема ако при извршувањето на делото настанала значителна штета и ако било употребено огнено оружје, нож или слично оружје. Од вкупниот број случаи на лична кражба, 54% се пријавени во полиција.

**Графикон 32: Процент на жртви на одредени видови криминал кои го пријавиле делото кај надлежниот орган, според видови криминал, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




*Забелешка: Стапките на пријавување се однесуваат на последниот случај пријавен во полиција во последните 5 години пред истражувањето.*

Ако се споредат стапките на пријавување на делата што се случиле во последните 12 месеци со оние во последните 5 години пред истражувањето, се забележува дека кај стапките на пријавување на провала, кражба и напад/закана нема голема промена. Од друга страна, со 68.2% и 89.7%, петгодишните стапки на пријавување на грабеж и кражба на возило се значително повисоки од едногодишните стапки (63% и 78.6%, соодветно), укажувајќи на можно намалување на подготвеноста на жртвите да го пријават криминалот во полиција. Со подетална анализа на петгодишните стапки на пријавување се открива дека мажите почесто од жените пријавуваат напад/закана, кражба и грабеж. Исто така, жртвите почесто пријавуваат кражби, провали и грабежи кога нешто е украдено, отколку кога обидот бил неуспешен. На пример, жртвите на

провала во наведениот петгодишен период пријавиле 82.7% од делата кога нешто им било украдено, но само 61.8% кога ништо не било украдено (графикон 33).

**Графикон 33: Процент на жртви на кражба кои го пријавиле делото во полиција, според претрпената загуба, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010) Percentage of**




## Перцепција на безбедноста од криминал

Распространетоста на напади и грабежи може да влијае на чувството на безбедност или страв на јавни простори. Едногодишните и петгодишните стапки на распространетост покажуваат дека ризикот од изложеност на грабеж, лична кражба или напад во Поранешна Југословенска Република Македонија е умерен. Според тоа, повеќе од 80% од граѓаните се чувствуваат безбедно кога шетаат сами навечер (графикон 34). Наспроти тоа, помалку од 20% се чувствуваат небезбедно во истата ситуација или воопшто не се движат сами навечер (1.2%). Очекувано, мажите помалку се плашат од жените (88% и 75%, соодветно, се чувствуваат безбедно). Оваа разлика меѓу мажите и жените се забележува во сите возрасни групи. Покрај тоа, помладите возрасни групи се чувствуваат побезбедно отколку населението над 50-годишна возраст.

**Графикон 34 Процентуална застапеност на возрасно население според чувството на безбедност, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Постои нагласена разлика во чувството на безбедност меѓу урбаното и руралното население. Податоците покажуваат дека повисоката стапка на распространетост на уличен криминал во урбаните области (графикон 29) се пресликува во посилно чувство на несигурност на урбаното население. Само 37.9% од жителите во урбаните, а повеќе од половина (52.6%) од оние во руралните области, се чувствуваат безбедно кога се движат сами навечер во нивната средина, додека 7.4% од урбаното население се чувствуваат многу небезбедно кога шетаат сами навечер; чувство на несигурност што го доживуваат само 2% од жителите во руралните области (графикон 35). Оваа разлика во чувството на безбедност меѓу урбаното и руралното население се отсликува и во регионалните податоци, при што секој десетти жител на Скопскиот регион се чувствува

многу небезбедно кога се движи сам навечер, наспроти 1% од населението во Југозападниот регион.

**Графикон 35: Процентуална застапеност на возрасно население според чувството на безбедност, по урбани и рурални области, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Севкупно, 86.1% од луѓето се чувствуваат многу или прилично безбедно кога се сами дома навечер, додека 10.7% се чувствуваат малку небезбедно и 3.2% многу небезбедно. Населението во урбаните/другите области се чувствува побезбедно (90% многу или прилично безбедно, 10% малку или многу небезбедно) отколку жителите во руралните области, каде што 83.7% се чувствуваат безбедно, а 16.3% небезбедно кога се сами дома навечер. Овие разлики во перцепцијата на безбедност меѓу урбаното и руралното население може да се поврзат со високата распространетост на провалата во урбаните области (графикон 36).

**Графикон 36: Процентуална застапеност на возрасно население според чувството на безбедност кај луѓето што биле и оние што не биле жртви на провала, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Како што е прикажано погоре, петгодишните стапки на распространетост покажуваат дека 9.4% од урбаните и 4.6% од руралните домаќинства биле жртви на провала во последните пет години пред истражувањето (графикон 29). Наспроти овој реален ризик од изложеност на криминал, интересно е тоа што околу 50% од домовите немаат никаков систем на заштита, како и тоа дека голем дел од постоечките заштитни системи се прилично едноставни. Највообичаениот начин на заштита на домовите се заснова на “пријателски договор со соседите” (26% од домаќинствата), додека 17.2%

имаат висока ограда, 11.5% имаат специјални брави на вратите, а 11.2% користат куче за заштита на домот. Само мал број домаќинства имаат други видови на системи за заштита на домот, како специјални прозорци (4.2%), аларми против провала (0.8%), или посебен модел на "маалска стража" (0.2%).

**Графикон 37: Видови заштита на домот во руралните и урбаните области, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**




Забележително е тоа што употребата на речиси сите овие системи за заштита на домовите е значително поголема во руралните отколку во урбаните области: 19.6% од руралните домаќинства користат куче за домашна заштита, наспроти само 5.8% од урбаните домаќинства, 26.3% од руралните, споредено со 11.5% од урбаните домаќинства имаат висока ограда, а 33.9% од руралните, наспроти 21.3% од урбаните домаќинства имаат "пријателски договор со соседите" (графикон 37). Ова е особено изненадувачки, со оглед на фактот што петгодишната стапка на распространетост на провала во урбаните подрачја е речиси двапати повисока отколку во руралните области (графикон 29).



## 9. ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Различни луѓе на различен начин ја доживуваат корупцијата, но за многумина таа претставува сениште чиешто штетно присуство може да се почувствува додека нејзината структура е неопиплива и невозможно е да се дефинира. Но, и покрај тоа, овој извештај покажува дека, благодарение на анализата на директното искуство со подмитувањето, можно е да се направи барем делумен профил на овој фантом.

Како и во многу други полиња од економската и од социјалната област, податоците и анализите во овој извештај не треба да се користат за оценување или рангирање на одделните региони во земјата во поглед на корупцијата, ниту пак на секторите и министерствата, туку тие треба да помогнат да се разбере ова комплексно прашање и да помогнат при создавањето на соодветни мерки за негово решавање. За таа цел, следниве елементи треба да бидат дополнително разгледани во насока на создавање ефективни антикорупциски мерки на национално ниво:

- Не постои еден единствен начин на подмитување, и секој поединечен метод може да варира во зависност од конкретната цел на плаќањето, засегнатиот јавен службеник и административната постапка.. Податоците покажуваат дека постојат вкоренети практики што треба да бидат земени предвид при создавањето политики и превентивни мерки за борба против корупцијата. Целосното познавање на системот на подмитување ќе им помогне на властите во Поранешна Југословенска Република Македонија да развијат еден комбиниран сет од превентивни и мерки за криминализација за борба против подмитувањето во сите негови облици.

- Се забележува присуство на злоупотреба при извршувањето на должностите на јавните службеници во Поранешна Југословенска Република Македонија, при што некои сектори се поподложни на подмитување од други. Очигледно е дека тоа зависи од природата на извршената услуга, но исто така се забележува и дека одредени практики се повообичаени во одредени сектори. Подоброто разбирање на причините за подмитување и идентификацијата на конкретните прашања како квалитетот на услугите – на пример, намалување на времето на чекање за здравствени услуги или поедноставување на процедурата за плаќање казни – може да помогнат при имплементацијата на конкретни мерки. Од друга страна, секторите што се поподложни на подмитување треба да бидат подетално анализирани со цел да се идентификуваат областите на коишто најмногу им е потребна конкретна поддршка.

- Она што загрижува е многу нискиот процент на граѓани што плаќаат мито, притоа пријавувајќи го тоа кај надлежните органи. Треба да се разгледа можноста за детална анализа на постоечките канали за пријавување со цел да се направат попристапни, попознати и, онаму каде што е потребно, подоверливи. Податоците добиени со ова истражување даваат непроценливи информации за подобрување на наведените механизми.
- Општо гледано, корупцијата не е прифатена од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија, што може да се види од истражувањето, но сепак изгледа дека подмитувањето се толерира како инструмент за завршување одредена работа и добивање подобар третман. Треба да се преземат дополнителни иницијативи за информирање на оние кои подмитувањето не го сметаат за криминал, како и да се подобри разбирањето на штетните последици од поткупот врз јавните услуги.
- Иако се сѐ уште во зачеток, некои од наодите од истражувањето се однесуваат на области како вработување во јавниот сектор и купување гласови, кои пак се дел од општите одредби од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата. Неопходно е веднаш да се направи понатамошна анализа на идентификуваните чувствителни области.

Истражувањето беше спроведено во рамките на една регионална програма за оценување на искуството со подмитување во земјите од Западен Балкан. Ова истражување дава можност за компаративна перспектива на обемот, модалитетите и природата на подмитувањето во Поранешна Југословенска Република Македонија и во другите земји/области од регионот, со што на разбирањето на оваа појава му се дава дополнителна вредност. Ова особено важи ако постои можност за повторно спроведување на вакви истражувања за следење на промените на национално и локално ниво.

Националниот систем за следење на корупцијата треба да содржи разни алатки за прибирање докази за различните видови корупција и да помага при создавањето соодветни политики:

- Општа оценка на искуството со подмитување и другите форми на корупција (за населението како целина и за деловниот сектор), со цел создавање одредници и мерење на напредокот.
- Оценка за работните услови и интегритетот на јавните службеници, по сектори (здравство, правосудство, полиција, царина, итн.), за да се добијат подетални и конкретни информации, како и за да се одредат понатамошните политики и мерки.
- Систем за следење на реакцијата на државата – репресивни и превентивни мерки – со цел да се идентификуваат успешните и неуспешните практики.

Во Поранешна Југословенска Република Македонија досега се спроведени бројни истражувања во овие области, но потребен е понатамошен ангажман на владини институции задолжени за производство на статистички податоци, министерства и истражувачки центри, со поддршка од меѓународните и регионалните организации, со цел да се добијат квалитетни и веродостојни информации за поефикасна борба против корупцијата.

Како што откриваат податоците во овој извештај, јавното мислење за корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија покажува значителен степен на загриженост во однос на ова прашање. Може да се заклучи дека постои отворена можност за понатамошна имплементација на антикорупциски политики, што би било прифатено со задоволство од граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија.



## 10. МЕТОДОЛОШКИ АНЕКС

Податоците претставени во овој извештај беа прибрани преку истражување врз основа на репрезентативен примерок на ниво на Поранешна Југословенска Република Македонија. Истражувањето беше дел од регионален проект во чиишто рамки беа спроведени независни истражувања во земјите/областите од Западен Балкан. Во Поранешна Југословенска Република Македонија истражувањето беше спроведено од Државниот завод за статистика (ДЗС). Анонимноста на испитаниците беше заштитена во сите фази од истражувањето, сите прашалници беа третирани како доверливи и не беа достапни за трети страни.

Од страна на УНОДЦ и националните партнери беа развиени прашалници и други анкетни инструменти, со цел да се обезбедат усогласени методолошки стандарди и споредливост на резултатите. Откако беше преведен на македонски јазик, прашалникот беше тестиран преку пробното истражување во јуни 2010 година, а потоа беше изготвена конечната верзија.

Истражувањето беше спроведено во август/септември 2010 година, преку интервју "лице в лице" со случајно одбрани испитаници. Целната популација беше резидентното население на Поранешна Југословенска Република Македонија на возраст од 18 до 64 години. При истражувањето беше употребен двоетапен стратифициран примерок: во првата етапа беше извршена стратификација на вкупното население на осум географски региони и два вида населени места (по бројност на населението, според националниот административен систем) и беа избрани пописни кругови. Во втората етапа, од секој пописен круг, по случаен пат, беа избрани домаќинства. Во рамките на избраните домаќинства, за испитаник беше избрано лицето (на возраст од 18 до 64 години) коешто следно има роденден. Стапката на одѕив за сите остварени контакти за време на теренската работа беше 74.3%, резултирајќи со нето-големина на примерок од 3500 испитаници.

Беа воспоставени мерки за контрола на квалитетот за време на интервјуата, како и по нивното завршување.

- теренските координатори вршеа директна контрола на 10% од интервјуата
- теренските координатори го проверуваа секој поединечен прашалник за грешки и целосност

- беше спроведена повторна контрола од страна на теренските координатори, преку телефон (20% од интервјуата) или директно (1%)
- беше извршена логичка контрола на конечните податоци.

| **Поранешна Југословенска Република Македонија** | |
|---|---|
| Одговорен орган | Државен завод за статистика (ДЗС) |
| Период на истражувањето | Август – септември, 2010 година |
| Целна популација | Резидентно население на Поранешна Југословенска Република Македонија, на возраст од 18 до 64 години |
| Дизајн на примерокот | Стратифициран случаен двоетапен<br>Стратифициран според осум региони и степен на урбанизација (урбани/рурални области)<br>Избор на пописни кругови и домаќинства по случаен пат<br>Поголем примерок од потребното, заради можен неодѕив |
| Избор на испитаници | Лице (на возраст од 18 до 64 години) коешто следно има роденден |
| Мерки за контрола на квалитет | Проверка на секој прашалник од страна теренскиот координатор<br>10% од интервјуата спроведени под директен надзор на теренските координатори<br>Контрола од страна на теренските координатори, преку телефон (20%) и директно (1%)<br>Рачно внесување податоци, со контрола преку двојно внесување<br>Логичка контрола на конечните податоци |
| Нето-големина на примерокот | 3,500 |
| Стапка на одѕив | 74.3% |



# 11. СТАТИСТИЧКИ АНЕКС

**Табела 1: Индикатори на подмитување, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вардарски** | **Источен** | **Југозападен** | **Југоисточен** | **Пелагониски** | **Полошки** | **Североисточен** | **Скопски** | |
| Процент на население што имало контакт со јавната администрација | 88.7% | 66.7% | 58.3% | 71.6% | 88.2% | 74.9% | 81.5% | 73.4% | 74.7% |
| Распространетост на подмитувањето | 8.2% | 2.4% | 5.5% | 12.4% | 4.8% | 5.1% | 3.0% | 7.3% | 6.2% |
| Просечен број на подмитувања | 6.94 | 6.52 | 4.23 | 7.04 | 3.73 | 3.87 | 12.59 | 5.72 | 5.86 |
| Просечна сума на мито | 84040 | 38202 | 12422 | 18236 | 15385 | 14765 | 34859 | 27782 | 28813 |
| Просечна сума на мито ЕУР | 1371 | 623 | 203 | 298 | 251 | 241 | 569 | 453 | 470 |
| Просечна сума на мито ЕУР - ПКМ | 3534 | 1607 | 522 | 767 | 647 | 621 | 1466 | 1168 | 1212 |

**Табела 2: Процентуална застапеност на исплатеното мито според видот на исплатата, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национ ален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардар ски | Источен | Југозапа ден | Југоисто чен | Пелагонис ки | Полош ки | Североис точен | Скопск и | |
| Готовин а | 28.9% | 50.8% | 27.4% | 50.4% | 45.3% | 50.1% | 76.0% | 46.7% | 45.4% |
| Храна и пијалаци | 45.3% | 30.8% | 55.7% | 24.8% | 24.4% | 15.7% | 24.0% | 13.1% | 24.6% |
| Друга стока | 15.0% | 28.0% | 3.7% | 4.2% | 11.3% | 24.1% | 0.0% | 45.2% | 23.1% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

*Забелешка: Податоците се однесуваат на последното мито што граѓанинот го платил во последните 12 месеци пред истражувањето. Збирот е поголем од 100% бидејќи, во некои случаи, митото се плаќа во повеќе од еден облик (на пример, готовина и храна).*

**Табела 3: Процентуална застапеност на исплатеното мито според времето на исплата во однос на извршување на услугата, по урбани/рурални области, пол и возраст, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Урбани/рурални области | | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Урбани | Рурални | Машки | Женски | 18 до 29 | 30 до 39 | 40 до 49 | 50 до 64 |
| Пред услугата | 40.1% | 48.8% | 51.7% | 31.2% | 50.3% | 35.6% | 39.3% | 53.6% |
| По услугата | 18.7% | 33.4% | 21.9% | 26.8% | 24.4% | 25.4% | 18.7% | 27.4% |
| Истовремено | 27.2% | 10.9% | 18.4% | 25.6% | 13.0% | 28.2% | 25.9% | 13.8% |
| Делумно пред / делумно потоа | 9.2% | 4.1% | 4.8% | 11.2% | 12.3% | 3.8% | 11.5% | 2.0% |
| Не се сеќавам | 4.7% | 2.7% | 3.1% | 5.3% | 0.0% | 7.0% | 4.5% | 3.2% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 4: Процентуална застапеност на исплатеното мито според модалитетот на барањето/понудата за мито, по урбани/рурални области, пол и возраст, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Урбани/рурални области | | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Урбани | Рурални | Машки | Женски | 18 до 29 | 30 до 39 | 40 до 49 | 50 до 64 |
| Експлицитно барање од јавниот службеник | 23.0% | 29.4% | 25.0% | 25.8% | 36.2% | 17.8% | 31.6% | 16.1% |
| Имплицитно барање од јавниот службеник | 26.1% | 15.0% | 20.5% | 24.4% | 18.7% | 30.3% | 19.0% | 15.5% |
| Експлицитно барање од трета страна | 19.3% | 8.0% | 13.6% | 17.7% | 7.6% | 20.5% | 10.9% | 21.8% |
| Понуда од самиот граѓанин | 26.5% | 43.0% | 33.6% | 30.7% | 32.2% | 29.1% | 34.5% | 36.3% |
| Не се сеќавам | 5.0% | 4.6% | 7.3% | 1.3% | 5.3% | 2.3% | 4.0% | 10.2% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 5: Процентуална застапеност на исплатеното мито според целта на барањето/понудата за мито, по урбани/рурални области, пол и возраст, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Урбани/рурални области | | Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Урбани | Рурални | Машки | Женски | 18 до 29 | 30 до 39 | 40 до 49 | 50 до 64 |
| Забрзување на постапката | 44.8% | 58.1% | 46.7% | 53.7% | 43.5% | 45.6% | 55.9% | 57.3% |
| Избегнување парична казна | 15.2% | 5.6% | 12.5% | 10.8% | 7.6% | 16.1% | 11.8% | 9.1% |
| Добивање подобар третман | 3.3% | 2.4% | 3.7% | 2.1% | 0.0% | 5.3% | 0.0% | 6.9% |
| Добивање информации | 12.9% | 3.1% | 14.4% | 2.3% | 14.7% | 5.3% | 10.3% | 8.7% |
| Финализирање на постапката | 8.6% | 15.7% | 13.0% | 8.6% | 13.4% | 13.6% | 6.8% | 9.2% |
| Намалување на трошоците на постапката | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| Избегнување други проблеми | 2.1% | 0.0% | 2.3% | 0.0% | 5.4% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| Без конкретна цел | 11.7% | 12.8% | 5.8% | 21.1% | 15.4% | 14.1% | 9.2% | 7.6% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 6: Процентуална застапеност на граѓани кои им платиле мито на одредени видови јавни службеници, по урбани/рурални области и возраст, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Урбани/рурални области | | Пол | |
|---|---|---|---|---|
| | **Урбани** | **Рурални** | **Машки** | **Женски** |
| Полицајци | 40.2% | 25.9% | 51.7% | 11.9% |
| Судии / обвинители | 18.1% | 10.9% | 15.4% | 15.8% |
| Катастарски службеници | 16.4% | 18.9% | 17.0% | 17.7% |
| Даночни службеници | 5.8% | 9.9% | 9.3% | 4.3% |
| Царински службеници | 15.2% | 17.4% | 22.5% | 6.9% |
| Службеници за комунални услуги | 7.4% | 14.8% | 8.9% | 11.6% |
| Општински службеници | 16.2% | 13.4% | 14.6% | 16.1% |
| Лекари | 50.9% | 69.5% | 50.0% | 67.9% |
| Медицински сестри | 18.5% | 11.5% | 10.5% | 23.8% |
| Наставници | 21.1% | 10.4% | 14.0% | 22.0% |
| Службеници за социјална заштита | 9.1% | 4.7% | 7.6% | 7.5% |
| Службеници за регистрација на возила | 4.8% | 1.5% | 3.3% | 4.0% |
| Претставници избрани на локални избори | 6.2% | 10.4% | 11.5% | 2.4% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

*Забелешка: Збирот е поголем од 100% бидејќи можно е граѓаните да платиле мито на повеќе од еден јавен службеник во последните 12 месеци пред истражувањето.*

**Табела 7: Процентуална застапеност на граѓани кои платиле мито, а не го пријавиле случајот кај властите, според главна причина за непријавување, по урбани/рурални области и возраст, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Урбани/рурални области | | Пол | |
|---|---|---|---|---|
| | **Урбани** | **Рурални** | **Машки** | **Женски** |
| Вообичаена практика | 10.3% | 18.2% | 15.0% | 10.5% |
| Бескорисно, никому не му е грижа | 41.6% | 32.7% | 39.8% | 36.5% |
| Не знам каде треба да пријавам | 5.6% | 0.0% | 2.5% | 5.1% |
| Страв од одмазда | 5.8% | 8.5% | 6.1% | 7.7% |
| Стекната корист од митото | 13.7% | 23.9% | 18.6% | 15.6% |
| Знак на благодарност | 11.5% | 14.2% | 8.7% | 17.9% |
| Друга причина | 11.4% | 2.7% | 9.4% | 6.7% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 8: Процентуална застапеност на возрасно население од кое било побарано да гласа за одреден кандидат на последните национални избори во замена за пари, стока или услуга, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Да | 4.1% | 6.2% | 5.1% | 4.0% | 5.3% | 4.8% | 8.7% | 5.0% | 5.3% |
| Не | 95.9% | 93.8% | 93.3% | 95.5% | 94.7% | 95.0 % | 91.3% | 95.0% | 94.5% |
| Не знам | 0.0% | 0.0% | 1.6% | 0.5% | 0.0% | 0.2% | 0.0% | 0.0% | 0.2% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 9: Процентуална застапеност на возрасно население од кое било побарано да гласа за одреден кандидат на последните локални избори во замена за пари, стока или услуга, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Да | 3.6% | 6.4% | 5.6% | 6.2% | 4.3% | 8.4% | 9.2% | 2.1% | 5.1% |
| Не | 96.4% | 93.6% | 92.6% | 93.1% | 95.7% | 91.6% | 90.8% | 97.9% | 94.6% |
| Не знам | 0.0% | 0.0% | 1.8% | 0.7% | 0.0% | 0.1% | 0.0% | 0.0% | 0.3% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 10: Процентуална застапеност на возрасно население кое се вработило во јавниот сектор во последните три години пред истражувањето и кое дало пари, подарок или направило услуга со цел да се олесни нивното вработување, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Да | 2.7% | 5.9% | 23.7% | 0.0% | 1.2% | 0.0% | 7.4% | 4.6% | 5.6% |
| Не | 97.3% | 78.8% | 53.2% | 100.0 % | 98.8% | 100.0 % | 92.6% | 95.4% | 90.4% |
| Не знам | 0.0% | 15.4% | 23.1% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 4.1% |
| Без одговор | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

**Табела 11: Процент на возрасно население кое смета дека корумпираните практики се случуваат често или многу често во одредени сектори/институции, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | |
| Парламент | 0.6% | 0.9% | 0.8% | 3.1% | 0.9% | 1.1% | 32.7% | 36.5% | 14.1% |
| Централна власт | 0.6% | 2.0% | 1.1% | 5.1% | 1.8% | 0.5% | 35.6% | 35.9% | 14.5% |
| Локална власт | 2.1% | 3.1% | 4.5% | 8.4% | 4.4% | 2.0% | 39.0% | 43.4% | 18.3% |
| Суд | 6.6% | 4.6% | 4.6% | 18.6% | 8.4% | 11.3% | 50.5% | 58.1% | 26.8% |
| Јавен обвинител | 1.6% | 3.0% | 2.9% | 13.1% | 4.4% | 4.6% | 39.7% | 43.3% | 18.9% |
| Полиција | 4.3% | 5.9% | 4.7% | 20.7% | 5.7% | 14.0% | 47.9% | 50.4% | 24.6% |
| Армија | 0.0% | 1.5% | 1.0% | 1.3% | 0.7% | 0.3% | 2.6% | 11.1% | 3.9% |
| Даночна управа | 1.6% | 4.1% | 2.3% | 12.0% | 3.4% | 1.7% | 10.3% | 32.5% | 12.7% |
| Царинска управа | 3.1% | 5.8% | 4.1% | 23.7% | 6.7% | 8.0% | 41.8% | 47.1% | 22.4% |
| Јавни комунални претпријатија | 1.8% | 2.2% | 3.0% | 8.7% | 2.4% | 0.7% | 4.0% | 22.0% | 8.5% |
| Јавни болници | 7.3% | 8.0% | 7.4% | 21.2% | 9.5% | 12.1% | 48.7% | 55.1% | 26.9% |
| Државни училишта | 5.2% | 3.7% | 7.1% | 15.1% | 7.3% | 9.0% | 17.2% | 36.5% | 17.1% |
| Државни универзитети | 3.4% | 8.0% | 6.8% | 17.3% | 9.2% | 13.3% | 41.7% | 49.8% | 24.3% |
| Катастар | 1.7% | 2.5% | 8.7% | 7.6% | 3.9% | 6.7% | 9.7% | 48.5% | 18.3% |
| Приватни компании | 2.0% | 0.5% | 1.3% | 7.6% | 2.6% | 1.4% | 5.2% | 23.8% | 8.8% |
| Невладини организации | 1.9% | 0.6% | 0.9% | 3.9% | 3.3% | 0.5% | 30.8% | 22.3% | 10.2% |
| Политички партии | 4.9% | 7.9% | 3.4% | 15.6% | 6.2% | 5.6% | 39.7% | 47.9% | 21.6% |
| Медиуми | 0.6% | 3.1% | 3.7% | 6.4% | 4.8% | 1.1% | 33.6% | 34.7% | 14.9% |

**Табела 12: Петгодишни стапки на распространетост на одредени видови криминал, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | |
| Грабеж | 1.4% | 1.0% | 1.3% | 3.3% | 2.6% | 1.2% | 1.6% | 3.7% | 2.3% |
| Лична кражба | 13.7% | 5.1% | 8.5% | 10.8% | 13.3% | 8.4% | 6.2% | 18.2% | 11.9% |
| Напад/закана | 4.5% | 4.3% | 1.3% | 4.4% | 6.3% | 1.7% | 1.4% | 7.5% | 4.5% |
| Кражба на возило | 7.5% | 10.2% | 0.0% | 2.5% | 5.9% | 4.0% | 3.9% | 3.3% | 7.5% |
| Провала | 9.9% | 9.8% | 3.3% | 12.5% | 9.6% | 3.9% | 5.2% | 8.1% | 3.9% |

**Табела 13: Процент на жртви на одредени видови криминал кои го пријавиле нивното искуство во соодветен орган, по видови криминал, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Грабеж | 50.8% | 71.1% | 100.0% | 65.7% | 85.5% | 84.3% | 73.2% | 59.5% | 67.9% |
| Лична кражба | 65.2% | 86.3% | 36.1% | 55.6% | 60.7% | 34.5% | 62.9% | 55.7% | 54.9% |
| Напад/закана | 71.6% | 26.5% | 35.2% | 62.6% | 60.7% | 47.3% | 75.1% | 39.3% | 47.2% |
| Кражба на возило | 79.3% | 100.0% | 0.0% | 43.6% | 91.4% | 81.4% | 100.0% | 100.0% | 89.7% |
| Провала | 77.3% | 85.5% | 86.1% | 73.8% | 79.0% | 84.0% | 76.8% | 79.7% | 79.7% |

**Табела 14: Процентуална застапеност на возрасно население според перцепцијата на безбедноста при шетање навечер без придружба, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

Колку се чувствувате безбедно кога шетате сами навечер во местото каде што живеете?

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Многу безбедно | 35.9% | 50.2% | 46.1% | 50.9% | 40.2% | 44.6% | 29.9% | 45.1% | 43.6% |
| Прилично безбедно | 42.2% | 37.5% | 43.3% | 34.3% | 35.8% | 41.1% | 48.7% | 31.2% | 37.7% |
| Малку небезбедно | 18.1% | 8.2% | 8.7% | 10.9% | 17.3% | 11.1% | 12.5% | 12.3% | 12.3% |
| Многу небезбедно | 3.4% | 3.1% | 1.4% | 2.8% | 6.5% | 1.8% | 6.6% | 9.6% | 5.3% |
| Никогаш не шетам сам/а навечер | 0.4% | 1.0% | 0.5% | 1.1% | 0.2% | 1.4% | 2.2% | 1.7% | 1.2% |

**Табела 15: Процентуална застапеност на возрасно население според перцепцијата на безбедноста при останувањето сам/а дома навечер, по региони, Поранешна Југословенска Република Македонија (2010)**

Колку се чувствувате безбедно кога сте сами дома навечер?

| | Региони | | | | | | | | Национален просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Пологшки | Североисточен | Скопски | |
| Многу безбедно | 45.8% | 61.4% | 45.7% | 54.8% | 48.1% | 50.2% | 55.0% | 57.4% | 53.0% |
| Прилично безбедно | 39.1% | 29.9% | 39.4% | 30.7% | 33.7% | 38.8% | 30.4% | 28.4% | 33.1% |
| Малку небезбедно | 12.3% | 5.3% | 13.6% | 12.1% | 14.0% | 9.1% | 11.9% | 9.6% | 10.7% |
| Многу небезбедно | 2.8% | 3.4% | 1.2% | 2.3% | 4.2% | 1.9% | 2.7% | 4.6% | 3.2% |